**20190120141**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ**

Се прогласува Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 17 јануари 2019 година.

Бр. 08-390/1
17 јануари 2019 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

# ЗАКОН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ

## Глава прва

ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цел на законот

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат мерките и активностите за спречување на корупцијата во вршењето на власта, јавните овластувања, службената должност и политиката, мерките и активностите за спречување на судирот на интереси, мерките и активностите за спречување на корупцијата при вршењето работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварувањето на јавните овластувања.

(2) За примена на мерките и активностите од ставот (1) на овој член е надлежна Државна комисија за спречување на корупцијата.

### Дефиниција на корупцијата и судирот на интереси

Член 2

(1) Под корупција, во смисла на овој закон, се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

(2) Поимот корупција, во смисла на овој закон, ги опфаќа и поимите на:

- **пасивна корупција** - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- **активна корупција** - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

## Начело на законитост

Член 3

(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавните овластувања и службената должност да постапува во согласност со Уставот и со законите.

(2) Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност и положба за извршување или пропуштање на дејствие што според закон не смее, односно мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

(3) Никој не може да биде повикан на одговорност за корупција освен во случаите и условите предвидени со овој закон, со Кривичниот законик и друг закон и во постапка пропишана со закон.

## Начело на интергитет

Член 4

(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

## Начело на еднаквост

Член 5

(1) Секој има право на еднаков пристап кон вршењето на работи од јавен интерес и право на еднакво постапување од страна на носителите на власта и лицата кои вршат јавни овластувања и службени должности.

(2) Секој има право на слободно настапување на пазарот и на слободен натпревар, без страв дека може да биде жртва на монополско или дискриминаторско однесување.

(3) Секој има право да спречи или пријави корупција или извршување, односно пропуштање на дејствие што претставува искористување на функцијата, јавните овластувања, службената должност или положба за да се нанесе штета на друг, без да трпи какви било последици.

**Начело на јавност**

Член 6

(1) Вршењето на власта, функцијата, јавните овластувања, службената должност и работите од јавен интерес се јавни и подложни на јавна контрола.

(2) Никој не може да се повика на примена на закон или друг пропис со кој ќе се ограничи или исклучи јавноста за да се прикрие корупција или судир на интереси.

**Начело на заштита и одговорност**

Член 7

(1) Секој има право да пријави сомневање или сознание за корупција и да биде заштитен согласно со закон.

(2) Секој кој е оштетен со коруптивно дело има право да бара надоместок на штета и изгубена добивка, според принципите на солидарна одговорност од страна на сторителот на корупцијата, како и од правното лице во кое сторителот вршел функција или должност во времето на извршување на делото.

(3) Правото од ставот (2) на овој член, може да се оствари кога коруптивното дело е утврдено со правосилна судска одлука.

**Значење на изразите употребени во овој закон**

Член 8

(1) За определување на значењето на изразите избрано или именувано лице, правно лице, одговорно лице во правно лице и лице кое врши работи од јавен интерес, се применуваат одредбите за значење на изразите од Кривичниот законик.

(2) Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор.

(3) Под поимот „семејство“ во смисла на овој закон се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои лицето од ставот (1) на овој член живее во заедничко домаќинство.

(4) Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

(5) Под поимот „корист“ се подразбира остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

(6) Под поимот „ризик од корупција“ се подразбира кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и други институции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивост на функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања,

финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

(7) Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

(8) Под поимот „јавен интерес“ се подразбира заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

(9) Под поимот „јавно овластување“, се подразбира овластување, пренесено од страна на државната или локалната власт, на физичко или правно лице да врши работи од јавен интерес.

(10) Под поимот „службена должност” се подразбира збирот на обврски кои едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од вршењето на одредена функција или професија, односно од службената положба на тоа лице.

(11) Под терминот „административни работи” се подразбираат стручно-административни, нормативно-правни, статистички, плански, информатички, кадровски, материјални, финансиски, сметководствени, информативни и други работи од административна природа.

## Глава втора

## ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

### Статус и состав

Член 9

(1) Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државната комисија) е самостојна и независна во вршењето на работите утврдени со овој закон и има својство на правно лице.

(2) Државната комисија е составена од претседател и шест членови.

(3) Државната комисија има Секретаријат како стручна служба која ги врши административните работи од надлежност на Државната комисија (во натамошниот текст: Секретаријатот).

(4) Со Секретаријатот раководи генерален секретар.

### Избор и именување на претседателот и членовите на Државната комисија

Член 10

(1) Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува Собранието на Република Македонија за период од пет години, без право на повторен избор. Лицето кое во еден мандат ја вршело функцијата претседател на Државната комисија или член на Државната комисија, не може да биде избрано повеќе ниту за претседател, ниту за член на Државната комисија.

(2) Претседателот и членовите на Државната комисија се избираат на јавен оглас којшто го објавува Собранието на Република Македонија согласно со овој закон.

(3) Претседателот и членовите на Државната комисија од редот на членовите на Државната комисија избираат заменик-претседател на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија, по принципот на ротација на секои шест месеци.

(4) Во случај на престанок на функцијата претседател, односно член на Државната комисија пред истекот на мандатот, се избира нов претседател, односно член на Државната комисија со мандат од пет години.

**Услови за именување претседател и членови на Државната комисија**

Член 11

(1) За претседател на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

а. да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија;

б. да има деловна способност;

в. да има високо образование со стекнати најмалку 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на политичките, комуниколошките или економските науки;

г. да има најмалку десет години работно искуство по завршување на високото образование, од кои најмалку осум години работно искуство во областите на откривање или спречување корупцијата, владеење на правото или добро управување;

д. да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

ѓ. во последните десет години да не било пратеник во Собрание на Република Македонија, член на Владата на Република Македонија, да не било донатор на политичка партија или да не вршело функција во органи на политичка партија;

е. не го искористило правото од членот 10 став (1) од овој закон.

(2) За член на Државната комисија може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:

а. да е државјанин на Република Македонија и да има постојано место на живеење во Република Македонија;

б. да има деловна способност;

в. да има високо образование со стекнати најмалку 300 ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на правните науки или високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен на образование од областа на политичките, комуниколошки или економските науки;

г. да има најмалку десет години работно искуство по завршување на високото образование, од кои најмалку шест години работно искуство во областите на откривање или спречување корупцијата, владеење на правото или добро управување;

д. да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

ѓ. во последните десет години да не било пратеник во Собрание на Република Македонија, член на Владата на Република Македонија, да не било донатор на политичка партија или да не вршело функција во органи на политичка партија;

е. не го искористило правото од членот 10 став (1) од овој закон.

**Постапка за избор на претседател и членови на Државната комисија**

Член 12

(1) Постапката за избор на претседател и членови на Државната комисија започнува три месеци пред истекот на мандатот на постојните претседател и членови на Државната комисија.

(2) Во случај на разрешување, односно престанок на функцијата на претседателот, односно член на Државната комисија пред истекот на мандатот, Собранието на Република Македонија започнува постапка за избор на нов претседател, односно член на Државната комисија во рок од десет дена од престанокот на мандатот.

(3) Постапката за избор на претседател и членови на Државната комисија започнува со објавување на јавен оглас за избор на претседател и членови на Државната комисија, а ја спроведува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(4) Собранието на Република Македонија го објавува огласот од ставот (3) на овој член во „Службен весник на Република Македонија" и во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои два од весниците што се издаваат се на македонски јазик и еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. Огласот се објавува и на веб страницата на Собранието на Република Македонија и на Државната комисија.

(5) Рокот за пријавување на кандидати за огласот од ставот (3) на овој член е десет дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Македонија".

(6) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија во рок од десет дена од објавувањето на огласот од ставот (3) на овој член формира Комисија за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија (во натамошниот текст: Комисија за селекција).

(7) Комисијата за селекција е составена од седум членови:

- еден член номиниран од Народниот правобранител на Република Македонија,
- претставникот на здружението, односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Демократија и владеење на правото,
- претставникот на здружението, односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Медиуми и информатичко општество,
- двајца пратеници од власта,
- двајца пратеници од опозицијата.

(8) Административна поддршка на Комисијата за селекција дава организационата единица на службата на Собранието на Република Македонија која дава поддршка на работните тела на Собранието на Република Македонија.

(9) Во рок од три дена од истекот на рокот за пријавување од ставот (5) на овој член, Комисијата за селекција врши проверка на исполнетоста на условите од членот 11 на овој закон и утврдува листа на пријавени кандидати со податоци кои од нив ги исполнуваат условите.

(10) Листата од ставот (9) на овој член во целост се објавува на веб-страницата на Собранието на Република Македонија, со податоци за исполнетоста на условите од членот 11 на овој закон, веднаш, а најдоцна во рок од еден ден од денот на нејзиното утврдување.

(11) Во рок од пет дена од објавувањето на листата од ставот (6) на овој член, се организира интервју на кандидатите кои ги исполнуваат условите од членот 11 на овој закон (во натамошниот текст: интервјуто) кое се емитува на Собранискиот канал. Доколку некој од кандидатите не дојде на интервјуто, се смета дека ја повлекол пријавата за претседател или член на Државната комисија.

(12) Терминот за одржување на интервјуто се објавува на веб страницата на Собранието на Република Македонија на денот на објавувањето на листата од ставот (9) на овој член.

(13) Интервјуто го спроведува Комисијата за селекција на јавна седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

(14) Начинот на вршење на интервјуто, оценувањето и рангирањето на кандидатите се утврдува со акт донесен од Собранието на Република Македонија.

(15) Истовремено со објавувањето на огласот од ставот (3) на овој член на веб страницата на Собранието на Република Македонија се објавува покана до Народниот правобранител, Македонската Академија на Науките и Уметностите и Интеруниверзитетската конференција во рок од десет дена од објавувањето на поканата да номинираат свои претставници кои ќе учествуваат на интервјуто.

(16) Истовремено со објавувањето на огласот од ставот (3) на овој член, на веб-страницата на Собранието на Република Македонија се објавува повик до здруженија на новинари, други здруженија и фондации да учествуваат во интервјуто, согласно со ставот (17) на овој член. Рокот за пријавување на повикот е десет дена од денот на неговото објавување.

(17) Сите здруженија на новинари кои се основани согласно со закон, односно регистрирани повеќе од пет години и секое здружение или фондација регистрирано согласно со закон и со искуство од најмалку пет години во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или добро управување имаат право да се пријават на повикот и да учествуваат во интервјуто, со по еден претставник за кој доставуваат податоци за идентификација.

(18) Покрај пратениците во Собранието на Република Македонија и претставниците пријавени, односно номинирани согласно со ставовите (15) и (19) на овој член имаат право да поставуваат прашања на кандидатите за претседател, односно членови на Државната комисија за време на интервјуто.

(19) Во рок од три дена од спроведувањето на интервјуто, Комисијата за селекција утврдува ранг-листа на кандидатите согласно со критериумите утврдени со актот од ставот (14) и ја доставува на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, која во рок од два дена, најдобро рангираните кандидати му ги предлага на Собранието на Република Македонија во единствена предлог листа за претседател и членови на Државната комисија, со образложение за секој од предложените кандидати.

(20) Доколку Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија не ја утврди листата од ставот (19) на овој член во утврдениот рок, Собранието расправа и гласа поединечно за секој од кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно со ранг-листата составена од Комисијата за селекција.

(21) Доколку Собранието не избере претседател и членови на Државната комисија, постапката за избор се повторува во целост со објавување конкурс веднаш, а не подоцна од рок од десет дена.

(22) Во постапката за избор на претседател и на членови на Државната комисија се земаат предвид принципот на соодветна и правична застапеност и принципот на подеднаква родова застапеност.

(23) Кандидатите за претседател или член на Државната комисија кои сметаат дека во постапката за избор на претседател или член на Државната комисија се прекршени одредбите од членовите (10), (11) и (12) од овој закон имаат право на тужба до Управниот суд. Постапката пред Управниот суд е итна.

**Статус на претседателот и членовите на Државната комисија**

Член 13

(1) Претседателот и членовите на Државната комисија имаат статус на именувани лица.

(2) Претседателот и членовите на Државната комисија функцијата ја вршат професионално и со полно работно време.

(3) Функцијата претседател односно член на Државната комисија е неспојлива со вршење на друга јавна функција, професија или функција во политичка партија.

(4) На претседателот на Државната комисија му се исплатува плата утврдена со коефициентот за утврдување на платата на потпретседател на Собранието на Република Македонија утврден со законот со кој се утврдуваат платите на избраните и именувани лица.

(5) На членот на Државната комисија му се исплатува плата утврдена со коефициентот за утврдување на платата на пратеник во Собранието на Република Македонија во согласност со законот со кој се утврдуваат платите на избраните и именувани лица.

**Престанок на функцијата и разрешување на претседателот и членовите на Државната комисија**

Член 14

(1) На претседателот, односно членот на Државната комисија му престанува функцијата пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- ако поднесе оставка,
- трајно ја изгуби способноста за вршење на функцијата, што го утврдува Собранието на Република Македонија,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца или
- настапи негова смрт.

(2) Собранието на Република Македонија во случаите од ставот (1) на овој член констатира престанок на функцијата.

(3) Собранието на Република Македонија го разрешува претседателот и членот на Државната комисија по предлог на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија, ако е исполнет еден од следните услови:

- се утврди дека не ги исполнува условите од членот 11 на овој закон или
- ако одбие да поднесе изјава за имотна состојба и интереси согласно со закон или ако податоците содржани во изјавата во голема мера се невистинити или
- очигледно ги прекрши правилата за судир на интереси, односно изземање во ситуации во кои членот или претседателот знаел или требало да знае за постоење на некоја од основите за судир на интереси, односно изземање предвидени со закон.
- ако без оправдани причини не ги почитува роковите за преземање одредени дејствија согласно со овој закон или
- неоправдано отсуствува од работата на Комисијата подолго од шест месеци.

(4) За постоењето на случаите за престанок на функцијата од ставот (1) на овој член и за постоењето на условите за разрешување од ставот (3) на овој член, претседателот на Државната комисија, а во негово отсуство заменик-претседателот на Државната комисија, е должен да го извести Собранието на Република Македонија, во рок од пет дена од дознавањето за постоењето на случаите, односно условите.

(5) Собранието може да постапува во случаите од ставовите (1) и (3) на овој член и без добивање на известувањето од став (4) на овој член.

(6) Во случај на престанок на функцијата или разрешување на претседателот на Државната комисија, до изборот на нов претседател на Државната комисија, функцијата на претседател на Државната комисија ја врши заменик-претседателот на Државната комисија, со сите должности и овластувања кои ги имал претседателот.

(7) Во случај на разрешување, односно претстанок на функцијата на претседателот, односно членот на Државната комисија пред истекот на мандатот, Собранието на Република Македонија најдоцна во рок од десет дена започнува постапка за избор на нов претседател, односно член на Државната комисија.

**Права, должности и одговорности на претседателот, заменик-претседателот и членовите на Државната комисија**

Член 15

(1) Претседателот на Државната комисија ја претставува и застапува Државната комисија и ја води и организира нејзината работа.

(2) Во случај на спреченост на претседателот на Државната комисија, Државната комисија ја претставува и застапува заменик-претседателот на Државната комисија, избран согласно со одредбите на овој закон.

(3) За својата работа претседателот и членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Член 16

(1) Претседателот и членот на Државната комисија, како и генералниот секретар во Секретаријатот, изјавите за имотната состојба и интересите од членот 82 на овој закон ги поднесуваат до Државната комисија во иста постапка како и другите лица од членот 82 став (1) од овој закон.

(2) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на роковите за поднесувањето, објавувањето и постапката за проверка на изјавите за имотната состојба и за интересите соодветно се однесуваат и за претседателот, членот на Државната комисија и генералниот секретар во Секретаријатот.

(3) Постапката за проверка на изјавите за имотната состојба и интересите на претседателот, членовите на Државната комисија и генералниот секретар во Секретаријатот на Државната комисија се спроведува секоја година, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната.

(4) За резултатите од спроведената постапката од ставот (3) на овој член Државната комисија го известува Собранието на Република Македонија во рок од десет дена од спроведената постапка.

(5) Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија има право да поднесе барање за испитување на имотната состојба и интересите на претседателот, односно на член на Државната комисија или генералниот секретар во Секретаријатот, во случај на нивно непостапување согласно со членовите 82 и 85 од овој закон, како и во случај на добиени сознанија, односно сомневања за несразмерно зголемен имот или судир на интереси.

## Надлежност

Член 17

Државната комисија ги има следниве надлежности:

1. донесува национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со акционен план за нејзино спроведување;
2. спроведува антикорупциска проверка на закони, подзаконски акти и други општи акти, согласно со методологија која ја донесува;
3. постапува по пријави од физички и правни лица за сомнежи за корупција и судир на интереси;
4. покренува иницијатива пред надлежните органи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица;
5. покренува иницијатива за поведување постапка за кривично гонење во предметите по кои постапува;
6. ја следи законитоста на финансирањето на политичките партии;
7. ја следи законитоста на финансирањето на изборните кампањи;
8. покренува иницијатива пред надлежните органи врз основа на извештаи на Државниот завод за ревизија;
9. постапува во случаи на судир на интереси;
10. ја евидентира и следи имотната состојба и интересите во постапка согласно со овој закон;
11. пропишува образец на изјавите за имотната состојба и интересите;
12. врши проверка на податоците од изјавите за имотната состојба и интересите;
13. соработува со други државни органи во обезбедување на потребните информации;
14. соработува со национални тела на други држави, како и со меѓународни организации на полето на спречување на корупцијата;
15. разменува информации со надлежни тела на други држави и меѓународни организации, врз основа на обврски преземени со меѓународни договори ратификувани согласно со Уставот на Република Македонија;
16. соработува со здруженија, фондации, научни институции и приватниот сектор во врска со превенција на корупција и судирот на интереси;
17. подготвува анализи за ризици од корупција во различни сектори;
18. презема активности во насока на јакнење на личниот и институционалниот интегритет;
19. презема активности на планот на едукацијата и јакнење на свеста за корупцијата и судирот на интереси;
20. води регистар на избрани и именувани лица;
21. води регистар на овластени лица за прием на пријави од укажувачи, согласно со Законот за заштита на укажувачи;
22. изготвува каталог на подароци врз основа на податоци добиени согласно со членот 58 од овој закон и го објавува на својата веб-страница;
23. спроведува истражувања на јавното мислење за оценка на своето работење и состојбата со корупцијата;
24. донесува годишна програма за работа на Државната комисија;
25. донесува етички кодекс на Државната комисијата и на Секретаријатот;
26. донесува деловник за работа на Државната комисија;
27. донесува акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во Секретаријатот;

28. редовно ја известува јавноста за својата работа во врска со надлежностите што ги има согласно со овој закон и согласно со деловникот за работа на Државната комисија и
29. врши и други работи утврдени со закон.

**Национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси**

Член 18

(1) Државната комисија донесува петгодишна национална стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со акционен план за нејзино спроведување (во натамошниот текст: националната стратегија).

(2) Државната комисија ја подготвува националната стратегија врз основа на претходно изготвена анализа на ризиците од корупција.

(3) Националната стратегија се поднесува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

(4) Државната комисија донесува методологија за изготвување на националната стратегија, пред започнување на процесот на подготовка на националната стратегија.

(5) Национална стратегија се подготвува со учество на претставници на државни органи, институции, здруженија, фондации, приватен сектор и медиуми.

(6) Државната комисија го следи спроведувањето на мерките од националната стратегија и подготвува годишни извештаи и завршен извештај за спроведувањето на националната стратегија.

(7) Извештаите од ставот (6) на овој член Државната комисија ги доставува до Собранието на Република Македонија, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(8) Државната комисија донесува одлука за изменување на националната стратегија кога врз основа на спроведени анализи или согледувања од годишните извештаи за нејзиното спроведување ќе утврди дека тоа е потребно. Измената на националната стратегија се подготвува во постапка утврдена со ставот (5) на овој член и се поднесува до Собранието на Република Македонија за усвојување.

(9) Националната стратегија, измените на националната стратегија, како и извештаите од ставот (6) на овој член, се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

**Годишен план и годишен извештај за работа на Државната комисија**

Член 19

(1) Државната комисија во последните три месеци од тековната година усвојува годишен план за наредната година за контролата на финансирањето на политичките партии и следење на имотна состојба и судирот на интереси, применувајќи пристап заснован на проценка на ризикот од корупција, при што е должна да ги земе предвид:

- податоците за идентификувани ризици од корупција согласно со анализата на ризик од корупција од членот 17 став 1 точка 17 од овој закон,
- податоците за ризикот на одделни категории на субјекти, одделни субјекти и други достапни податоци за субјектите и слично.

(2) Државната комисија за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година. Годишниот извештај Државната комисија го доставува и до Претседателот на Република Македонија, Владата на Република Македонија и средствата за јавно информирање.

(3) Годишниот извештај од ставот (2) на овој член особено содржи:

- статистички податоци за предмети оформени, решени предмети и предмети по кои постапува согласно со своите надлежности, со анализа,
- број на иницијативи поднесени до јавно обвинителство и други органи,
- информација за институциите кои не постапиле по барањата на Државната комисија,
- број на предмети за кои е покрената прекршочна постапка,
- оценка на спроведувањето на овој закон и
- оценка на состојбата со корупција и борбата против корупцијата во државата.

(4) На барање на Собранието на Република Македонија Државната комисија е должна да поднесе извештај и за период пократок од една година.

(5) Собранието на Република Македонија ги разгледува и усвојува извештаите од ставовите (2) и (4) на овој член.

**Секретаријат на Државната комисија**

Член 20

(1) Генералниот секретар и вработените во Секретаријатот имаат статус на административни службеници.

(2) Генералниот секретар го избира Државната комисија со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

(3) За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените во ставот (1) на овој член, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници, општите прописи за работни односи и овој закон.

(4) Секретаријатот обезбедува непречено спроведување на надлежностите на Државната комисија со вршење на административните работи од надлежност на Државната комисија, вклучително и следење на имотната состојба и интересите, следење на законитоста на финансирањето на политичките партии и изборни кампањи, спроведување проверки, повикување на лица и давање мислења, предлози и препораки од надлежност на Државната комисија согласно со одредбите од овој закон, одговори по барања за пристап до информација, согласно со Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер, а по примени предмети и претставки спроведува административна проверка и со резултатите од проверката задолжително ги проследува до Државната комисија, односно надлежните органи за натамошно постапување.

(5) Вработените во секретаријатот во Државната комисија имаат право на додаток на плата за:
- посебни услови за работа,
- постоење на висок ризик и
- доверливост.

(6) Додатоците на плата од ставот (5) на овој член меѓусебно не се исклучуваат.

(7) Вкупниот износ на висината на додатоците од ставот (5) на овој член не може да изнесува повеќе од 30% од основната плата на вработениот.

**Буџет на Државната комисија**

Член 21

(1) Средствата за извршување на функцијата на Државната комисија се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(2) За обезбедување на средствата од ставот (1) на овој член, Државната комисија изготвува предлог кој го доставува до Министерството за финансии согласно со Законот за буџетите.

(3) Претседателот на Државната комисија, а во негово отсуство заменик-претседателот на Државната комисија, учествува на седниците на работните тела на Собранието на Република Македонија на кои се разгледува предлогот за Буџетот на Република Македонија, за да ги презентира и образложи потребите за средствата од ставот (1) на овој член.

## Глава трета

## НАЧИН НА ОДЛУЧУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

### Седници на комисија

Член 22

(1) Државната комисија, одлуките во вршењето на работите од својата надлежност, ги носи на седница со која претседава претседателот на Државната комисија, со мнозинство гласови од вкупниот состав на Државната комисија.

(2) Со Деловникот за работа се утврдува начинот на работа на Државната комисија.

(3) Седниците на Државната комисија се јавни.

(4) По исклучок на ставот (4) од овој член, јавноста може да биде исклучена кога се постапува по предмети кои содржат класифицирани информации и податоци кои се заштитени со закон.

(5) За разгледување на одделни прашања Државната комисија може да побара мислење од стручни лица или да покани стручни лица да учествуваат на седница на Државната комисија.

(6) Одлуките од своја надлежност за предметите за кои отпочнала постапка Државната комисија ги донесува во рок од 60 дена од денот на отпочнување на постапката, освен ако со овој закон е поинаку утврдено.

(7) Одлуките на Државната комисија мора да содржат образложение и се објавуваат на нејзината веб страница во рок од пет дена од денот на нивното донесување.

### Постапување на Државната комисија

Член 23

(1) Државната комисија постапува по сопствена иницијатива или врз основа на добиени пријави.

(2) Заради целосно утврдување на фактичката состојба, Државната комисија може да побара податоци и информации од надлежни институции, правни и физички лица.

(3) Одговорното лице во надлежната институција или од него овластено лице ги презема сите мерки и активности за доставување на бараните информации и истите ги доставува најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето од страна на Државната комисија.

(4) Во случај на непостапување по барањето од страна на надлежната институција во рокот утврден со ставот (3) на овој член, Државната комисија поведува прекршочна постапка.

**Постапка по одлуката на Државната комисија за повреда на одредбите од Законот**

Член 24

(1) За утврдена повреда на одредбите од овој закон Државната комисија го известува органот во кој службеното лице врши јавни овластувања и органот надлежен за избори, именувања, на службеното лице.

(2) Надлежниот орган, е должен по известувањето на Државната комисија за утврдената повреда од ставот (1) на овој член, писмено да ја извести Државната комисија за преземените мерки во рок од 60 дена од денот на добивање на известувањето, освен ако е поинаку уредено со овој закон.

(3) Државната комисија поведува и прекршочна постапка доколку се прекршени одредбите од овој закон.

**Барања на податоци од банки и други финансиски институции и пристап до бази на податоци**

Член 25

(1) По покрената постапка, Државната комисија може да побара податоци од банки и други финансиски институции за што веднаш го информира службеното лице за кое се бараат податоци, односно одговорното лице во правното лице за кое се бараат податоци.

(2) Банките и другите финансиски институции се должни во рок од 15 дена до Државната комисија да ги достават бараните податоци од ставот (1) на овој член.

(3) Доставувањето на бараните податоци од ставот (1) од овој член, не претставува повреда на банкарска тајна.

(4) Во вршење на своите надлежности Државната комисија има пристап до бази на податоци кои се водат во други органи и институции, при што има директен електронски пристап и користи податоци од базите на податоци, без надоместок од:

1. Министерство за внатрешни работи:

-податоци од евиденцијата на матичен број,

-податоци од регистар на државјани на Република Македонија,

-податоци од регистар на издадени лични карти,

-податоци од евиденцијата на одобренија за набавување на колекционерско оружје,

-податоци од евиденцијата на дозволи за колекционерско оружје,

-податоци од евиденција на колекционери,

-податоци од евиденцијата на одземено, пронајдено, предадено оружје и муниција,

-податоци од евиденција за регистрирани моторни возила (листа на возила во сопственост на физичко и правно лице, листа на сопственици на моторни возила),

-податоци од евиденција за регистрирани пловни објекти,

-податоци од регистар на домаќинства и друго.

2. Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија:

-податоци од евиденцијата за лица осигурани согласно со прописите за пензиско и инвалидско осигурување и статус,

-податоци од евиденцијата за пензионер и статус на пензионер.

3. Фонд за здравствено осигурување на Македонија:

-податоци од евиденцијата за лица осигурани согласно со прописите за задолжително здравствено осигурување.

4. Управа за јавни приходи:

-податоци од евиденцијата за ЕМБС и ЕДБ,

-податоци од евиденцијата од даночен регистар,

-податоци од евиденцијата за приходи од годишни даночни пријави за физички лица за персонален данок на доход,

-податоци од евиденцијата за месечни даночни пријави по однос на ДДВ,

-податоци од евиденцијата за поврат на повеќе или погрешно наплатен данок,

-податоци од евиденцијата за поврат на ДДВ,

-податоци од евиденцијата за спроведени даночни контроли и истраги,

-податоци од евиденцијата за регистрирани дејности кои вршат готовински плаќања,

-податоци од евиденцијата за овластени сметководители на правни лица.

5. Агенција за вработување на Република Македонија:

-податоци од евиденција на вработени лица (историски М1/М2 образец, вработени во определена фирма,

-податоци од евиденција на невработени лица и други лица кои бараат работа,

-податоци од евиденција странски државјани и лица без државјанство вработени во Република Македонија.

6. Агенција за катастар на недвижности:

-податоци од регистар на просторни единици,

-податоци од евиденција на имотни листови,

-податоци од регистар на цени и закупи,

-податоци за движење на сопственост на имот.

7. Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје:

-податоци од регистар на хартии од вредност,

-податоци од регистар на сопственици на хартии од вредност,

-податоци од регистар за порамнувања на трговски трансакции,

-податоци од регистар за нетрговски пренос на хартии од вредност,

-податоци од регистар на позајмени хартии од вредност.

8. Податоци од единствен регистар на трансакциски сметки - Клириншка куќа „КИБС" АД Скопје:

- податоци од регистрите на трансакциски сметки.

9. Податоци од кредитно биро:

-податоци од портал МОЈ.МКБ.МК.

10. Централен регистар на Република Македонија:

-податоци од Трговски регистар и регистар на други правни лица,

-податоци од регистар на годишни сметки,

-податоци од заложен регистар,

-податоци од регистар за лизинг,

-податоци од регистар на вложувања во недвижности,

-податоци од регистар на права врз недвижности,

-податоци од регистар на директни инвестиции на резиденти во странство,

-податоци од регистар на директни инвестиции на нерезиденти во Република Македонија,

-податоци од регистар за обезбедување со пренос на сопственост на предмети и пренос на права (фидуцијарен регистар),

-податоци од регистар за продажба на подвижни ствари со задржување на правото на сопственост.

11. Царинска управа:

-податоци од евиденција за царински декларации на физичко лице,

-податоци од евиденција за царински декларации на правно лице,

-податоци од евиденција за извршен увоз и за извршен извоз,

-податоци од регистар на обврзници за акциза,
-податоци од евиденција за единствен царински документ,
-податоци од евиденција за внесени, изнесени странски пари и хартии од вредност,
12. Министерство за правда - Управа за водење на матичните книги:
-податоци од матичните книги на родени,
-податоци од матичните книги на венчани,
-податоци од матичните книги на умрени лица,
-податоци од евиденции за родители/старатели на одредено лице,
-податоци од евиденции за сродство помеѓу лица.
13. Министерство за труд и социјална политика:
-податоци од евиденции за лица корисници на социјална помош.
14. Државен завод за ревизија:
-податоци од евиденции за извршени ревизии,
-податоци од електронски систем за управување со ревизија.
15. Македонска берза на хартии од вредност:
-податоци од евиденции содржани во МБ НЕТ,
-податоци од евиденции за склучени трансакции, вклучително и блок трансакции.
16. Народната банка на Република Македонија:
-податоци од евиденции од платен промет со странство.
17. Министерство за економија:
-податоци од регистар на склучени договори за концесии.

(5) Претседателот, членовите и вработените во Државната комисија коишто ќе имаат пристап до базите на податоци од ставот (4) на овој член се обврзани да ги чуваат, можат да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица, спротивно на закон.

**Повикување на лица**

Член 26

(1) По покрената постапка заради разјаснување на определени прашања во врска со донесување одлука од своја надлежност, Државната комисија може да го повика лицето за кое се води постапка.

(2) Лицето може да одговори на барањето од ставот (1) на овој член лично или писмено со допис до Државната комисија.

(3) Ако лицата од ставот (1) на овој член не одговорат на барањето од поканата на Државната комисија, Државната комисија врз основа на другите докази со кои располага го разгледува случајот за кој ја води постапката.

(4) Постапката од ставот (1) на овој член е доверлива.

**Вршење увид во документацијата на јавните институции други правни лица**

Член 27

Во вршењето на работите од својата надлежност утврдени со овој закон, Државната комисија може да побара да се изврши непосреден увид во документацијата на јавните институции и други правни лица.

**Употреба на надворешни експерти**

Член 28

(1) При извршувањето на своите задачи и надлежности, Државната комисија може да користи надворешна експертиза.

(2) Физичкото или правното лице кое е задолжено за експертизата од ставот (1) на овој член не смее да ги открие, објави или да ги споделува со трети лица податоците или информациите кои ги добило или со кои се запознало во рамки или во врска со извршувањето на својата работа.

(3) Експертизата подготвена за потребите на Државната комисија е нејзина сопственост и може да се објави на веб страницата на Државната комисија или на друг начин да се достави до јавноста само од страна на Државната комисија.

Член 29

(1) Надлежните органи до кои се покренати иницијативи од членот 17 алинеи 4, 5 и 8 од овој закон се должни во рок од 60 дена да ја известат Државната комисија за донесените одлуки по однос на истите.

(2) На барање на Државната комисија, надлежните органи од ставот (1) на овој член, се должни во пократок рок да дадат информација за текот на постапувањето по иницијативите кои ги покренала.

**Соработка со здруженија и фондации, научни институции и приватниот сектор**

Член 30

Во рамките на остварување на своите програмски активности кои опфаќаат истражувања, анализи, обуки, информирање и подигнување на свеста на јавноста и на институциите од јавниот сектор и пренесување на добри практики, Државната комисија може да соработува со здруженија и фондации, научни установи и приватниот сектор, во областа на спречувањето на корупцијата.

**Глава четврта**

СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
ВО ПОЛИТИКАТА

**Следење на законитоста на финансирањето на политичките партии**

Член 31

(1) Во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на политичка партија, Државната комисија по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување може да донесе решение за отпочнување постапка за испитување на финансирањето на политичка партија.

(2) Државната комисија ја доставува иницијативата и решението за отпочнување постапка до политичката партија чие финансирање го испитува со повик да се изјасни за наводите во иницијативата во рок од 15 дена од денот на нејзиното доставување до политичката партија.

(3) Државната комисија е должна во рок од 60 дена да ја заврши постапката да го информира лицето кое покренало иницијатива за испитување на финансирање на политичка партија и да ја информира јавноста за наодите од покренатата постапка.

(4) Доколку се утврди дека сомневањето од ставот (1) на овој член е основано, Државната комисија иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

(5) Политичките партии се должни до Државната комисија да ги достават извештаите за финансирање во рок утврден во Законот за финансирање на политичките партии.

(6) Политичките партии се должни да достават и други податоци по барање на Државната комисија заради спроведување на нејзината надлежност за водење постапка за следење на законитоста на финансирањето на политичките партии.

**Следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи**

Член 32

(1) Во случај на постоење на сомневање за незаконито финансирање на изборна кампања, Државната комисија по сопствена иницијатива или по приговор од организатор на изборна кампања или акредитирани набљудувачи поведува постапка за утврдување на фактичката состојба.

(2) Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кое е поднесен, во рок од 24 часа од приемот на приговорот.

(3) Лицето од ставот (2) на овој член може да се изјасни за наводите во приговорот во рок од три дена од денот на неговиот прием.

(4) Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот.

(5) Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од денот на закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на организаторот на кампањата против кого е поднесен приговорот.

(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.

(7) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од донесената одлука.

(8) Организаторите на изборна кампања се должни до Државната комисија да ги достават извештаите за финансирање на изборната кампања во рок утврден со Изборниот законик.

(9) Организаторите на изборните кампањи се должни да достават и други податоци по барање на Државната комисија заради спроведување на нејзината надлежност за следење на законитоста на финансирањето на изборните кампањи.

(10) Државната комисија, најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите, до Собранието на Република Македонија доставува на разгледување посебен извештај за утврдените состојби во финансирањето на изборната кампања. Извештајот се објавува и на веб страницата на Државната комисија.

## Контрола на злоупотреба на буџетски средства во периодот по распишување на избори

Член 33

(1) Државната комисија е надлежна да ја следи законитоста на користењето, односно располагањето со буџетските средства од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.

(2) Во случај на постоење на сомневање за прекршување на одредбите од Изборниот законик за забрана за употреба на буџетски средства, односно забранети дејствија на јавните институции од  денот на распишување на изборите, како и прекршување на одредбите од овој закон кои регулираат забрането постапување од моментот на донесување одлука за распишување на изборите, Државната комисија по сопствена иницијатива или по поднесен приговор од организаторот на изборна кампања, отвора постапка за утврдување на фактичката состојба.

(3) Државната комисија приговорот од ставот (1) на овој член го доставува до лицето против кого е поднесен во рок од 24 часа од приемот на приговорот. Лицето може да се изјасни за наводите во приговорот, во рок од три дена од денот на приемот на приговорот.

(4) Државната комисија е должна на јавна седница во рок не подолг од пет дена од денот на приемот на приговорот да ги испита наводите и да постапи по приговорот.

(5) Државната комисија одлучува по приговорите на јавна седница и е должна во рок од 24 часа од закажаната јавна седница, одлуката да ја објави на својата веб страница. На јавната седницата се повикува и има право да присуствува подносителот на приговорот, како и овластен претставник на јавната институција против која е поднесен приговорот.

(6) Против одлуката од ставот (5) на овој член дозволена е тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од добивањето на одлуката. Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 48 часа од приемот на тужбата.

(7) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија е должна да иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката.

## Забрана за нови инвестиции и вонредни исплати

Член 34

Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до денот на завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и на градот Скопје, не може:

- да започне изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата, како патишта, водоводи, далноводи, канализација и други објекти или на објекти за општествени дејности - училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година,

- да се вршат исплаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати, односно сите еднogодишни трансфери и исплати или еднократни трансфери од буџетски средства или од средства на јавни фондови, ниту да се отуѓува државен капитал, ниту да се потпишуваат колективни договори,

- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

**Забрана за користење противправни и анонимни извори на финансирање за време на избори**

Член 35

(1) Политичка партија или кандидат на изборите не смеат да прибираат и користат средства противправно или од анонимни извори.

(2) Ако се појави сомневање дека политичка партија или кандидат на изборите користеле средства противправно или од анонимни извори, Државната комисија ќе побара од надлежните органи да извршат проверка на изворот на средства и до неа да достават детален извештај за користењето на средствата.

(3) Проверката на приливот на средствата или други уплати преку банка, по барање на Државната комисија, не претставува повреда на банкарска тајна.

(4) Доколку се утврди дека сомневањата од ставот (2) на овој член се основани, Државната комисија во рок од седум дена од денот на утврдување на основаноста на сомневањата, иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи.

**Утврдување на злоупотреба на финансирање на политички партии за време на изборна кампања**

Член 36

(1) Кога постојат основи за сомневање дека имот во сопственост на Република Македонија или на единиците на локалната самоуправа или буџетски средства или средства од јавни фондови, јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица што располагаат со државен капитал се непосредно или посредно, преку инвестициони работи или на друг начин, користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на изборна и друга политичка активност, Државната комисија презема мерки за утврдување на таквите сомневања.

(2) Доколку Државната комисија утврди дека сомневањата од ставот (1) на овој член се основани, за тоа без одлагање ќе ги извести надлежните органи и ќе побара од нив да преземат активности во рамките на нивните надлежности.

(3) Државната комисија најдоцна во рок од три месеци од денот на завршувањето на изборите му доставува посебен извештај на Собранието на Република Македонија за утврдените злоупотреби во финансирањето на изборната кампања. Извештајот се објавува во средствата за јавно информирање.

**Поткупување на избирачите**

Член 37

(1) Доколку Државната комисија дознае или има основи за сомневање за поткуп при избори и гласање, односно за давањето или ветувањето подарок или друга корист за себе или за друг, на избирач при избори или гласање на референдум, за да гласа или да не гласа или да гласа за определен кандидат или определена одлука, за тоа без одлагање писмено ќе го извести надлежниот јавен обвинител.

(2) Јавниот обвинител во рок од 30 дена од денот на приемот на известувањето од ставот (2) на овој член ја известува Државната комисија за преземените мерки и активности во рамките на своите надлежности.

**Привилегирање или дискриминација во јавните набавки и други договори**

Член 38

(1) Државната комисија може да врши увид во документацијата за јавна набавка и за договори поврзани со остварување на профит склучени меѓу државни органи, органи на локалната самоуправа, јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал со домашни или странски правни лица, како и сите дозволи, концесии и други одлуки со кои на правни лица им се признаваат права или повластици определени со закон или им се одземаат или ограничуваат таквите права или поволности.

(2) Доколку Државната комисија утврди привилегии или дискриминација по однос на договорите зајавни набавки и другите договори од ставот (1) на овој член, без одлагање ќе побара од надлежните органи да преземат мерки и активности во рамките на нивните надлежности.

**Влијание при избор, именувања и разрешување на раководни места**

Член 39

(1) Политичка партија или лице што настапува во име на политичка партија не смее да врши притисок при избор или именување, или разрешување на лице на службена, раководна или друга функција или должност, освен во случаите во кои со закон е определена надлежност на претседателот на Републиката, Собранието и Владата на Република Македонија, или органите на единиците на локалната самоуправа да вршат избор, именување, или да даваат мислење или согласност.

(2) Лице што е разрешено спротивно на закон под притисок на политичка партија, како и кандидат за избор или именување што е оштетен со избор или именување извршено под таков притисок, може пред надлежен суд со тужба да побара поништување на актот за избор, именување, односно разрешување.

(3) Тужбата од ставот (2) на овој член се поднесува во рок од 30 дена од донесувањето на актот за избор, именување или разрешување, односно од моментот на дознавањето дека е тоа извршено под притисок на политичка партија, спротивно на закон, но не по истекот од една година од денот на донесувањето на актот. Постапката пред надлежен суд е итна.

Член 40

(1) Политичка партија или лице кое настапува во име на политичка партија не смее да врши влијание при вработување, распоредување и престанок на работен однос на службено лице.

(2) Државната комисија може од надлежниот орган да бара преиспитување или поништување на одлуката донесена спротивно на ставот (1) на овој член.

(3) Органот кој ја донел одлуката од ставот (1) на овој член е должен да постапи по барањето на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

Член 41

Информацијата која е одредена со степен на класификација нема да се смета за класифицирана информација ако со неа се прикрива корупција или друго казниво дело или незаконски акт или постапка, согласно со одредбите на законот за класифицирани информации.

**Заштита на соработници на правдата и сведоци**

Член 42

(1) Не може да се преземе казнено гонење или да се повика на каква и да е друга одговорност лице што открило податоци што укажуваат на постоење на корупција.

(2) На лицето што дало изјава или сведочело во постапка за корупривно дело му се обезбедува заштита согласно закон. Лицето има право на надоместок на штета што може да ја претрпи тој или член на неговото семејство поради дадената изјава или сведочење.

(3) Барањето за надомест на штета од ставот (2) на овој член се поднесува до надлежен орган.

**Заштита на лицата што работат на спречување**
**на корупцијата**

Член 43

(1) На лицата што работат во органите за откривање и сузбивање на корупцијата им се обезбедува целосна заштита и независност, заради ефикасно извршување на нивните овластувања и должности и врз нив не смее да се врши притисок во работата или во преземањето конкретни дејствија.

(2) На овластените лица за прием на пријави од укажувачи им се обезбедува целосна заштита и независност, заради ефикасно извршување на нивните овластувања и должности и врз нив не смее да се врши притисок во нивното работење или во преземањето конкретни дејствија.

(3) За извршениот притисок во работата или во преземањето конкретни дејствија, лицата од ставовите (1) и (2) на овој член ја известуваат Државната комисија.

(4) За извршениот притисок во работата или преземањето конкретни дејствија врз членовите на Државната комисија, Државната комисија веднаш го известува Собранието на Република Македонија.

**Глава петта**

СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО ЈАВНИ ОВЛАСТУВАЊА

**Забрана за вршење на други дејности**

Член 44

(1) Избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности утврдени во Уставот и законите.

(2) Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа се неспојливи една со друга.

(3) На избраните и именуваните лица, чии функции се извршуваат професионално, работниот однос им мирува согласно со закон.

(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.

(5) Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминанен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.

(6) Службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.

(7) На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, односно градот Скопје, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.

**Ограничувања за вршење на дејност за време на вршење на функцијата**

Член 45

(1) Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.

(2) Секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до институцијата, односно органот во кој ја врши функцијата да ги пријави правните лица во негова сопственост, во кои има акции или удели или управувачка функција.

(3) Органот од ставот (2) на овој член е должен овие податоци јавно да ги објави.

(4) Во случај кога во трговското друштво или во другиот субјект од ставот 1 на овој член, е образуван орган на управување во кој избраното или именуваното лице, како член на тој орган, ги врши управувачките права, пренесувањето на управувачките права подразбира обврска за избраното или именуваното лице да поднесе оставка на членството во органот на управување, во согласност со закон.

(5) Избраното или именуваното лице е должно, во рок од 30 дена од пренесувањето на управувачките права, на Државната комисија да и ги достави податоците за лицето на кое ги пренело управувачките права и доказ за пренесувањето на управувачките права. Лицето на кое избраното или именуваното лице ги пренело управувачките права се смета за лице со кое службеното лице има приватен интерес, согласно со членот 8 став (4) од овој закон.

**Ограничување на вршење надзор**

Член 46

Лицата кои со службеното лице се блиски лица, за кои оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

### Ограничување за вршење дејност по престанокот на функцијата

Член 47

(1) Службеното лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, не може:

- да се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности,
- да стекне по кој било основ акции односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор.

(2) Службеното лице во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, не може:

- да врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со органот во кој претходно работел имаат или воспоставуваат договорен, односно деловен однос,
- да застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки,
- да врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција.

Член 48

Избрано или именувано лице, како и друго службено лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал што во рок од три години од денот на престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности ќе основа трговско друштво или ќе започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во областа во која работел како службено лице, е должно во рок од 30 дена за тоа да ја извести Државната комисија.

### Членство во управни и надзорни органи

Член 49

(1) Избрано или именувано лице не може да биде член на управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и сите други правни лица со доминантен државен капитал, освен ако со закон не е поинаку утврдено.

(2) Вработен во јавниот сектор, може да биде член во еден управен или надзорен орган во трговско друштво, јавните претпријатија, агенции, фондови и други правни лица со доминантен државен капитал.

### Забрана за злоупотреба на службени податоци

Член 50

(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна согласно со закон.

**Ограничувања во соработката со правни лица**

Член 51

(1) Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.

(2) Ако службеното лице постапи спротивно на ставот (1) на овој член, на склучениот договор се применуваат одредбите за ништовност на договорот од Законот за облигационите односи.

**Забрана за користење на заеми и други видови поддршка од државата**

Член 52

Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

**Располагање со државен имот**

Член 53

Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал е должно веднаш, а најдоцна во рок од десет дена на Државната комисија да и го пријави секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство.

**Економично користење на државни средства**

Член 54

Секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени. Забранeто е средствата да се користат за приватни цели или да се даваат на друг на користење.

**Забрана за стекнување акционерски права**

Член 55

(1) Службено лице не може во текот на траењето на мандатот, односно должноста, како и во рок од три години по нивниот престанок да стекне по која и да е основа и во кој и да е облик акционерски права во правно лице врз кое тој или органот во кој работи или работел, врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекне по пат на наследување.

(2) Стекнувањето на акционерски права за време на траењето на мандатот односно службената должност или вработувањето, лицето од ставот (1) на овој член е должно да го пријави на Државната комисија во рок од 30 дена од денот на нивното стекнување.

**Забрана на влијание за вработување блиски роднини**

Член 56

(1) Службено лице не смее да врши влијание за вработување или унапредување на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано или во друг државен орган или јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал врз кое врши надзор органот во кој лицето е избрано, односно именувано.

(2) Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал е должно да ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување, унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена од денот на извршениот избор, именување, унапредување или вработување.

**Забрана за влијание врз постапките за јавни набавки**

Член 57

(1) Службено лице не смее да врши незаконско влијание во постапка за јавна набавка.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член се применува и кога врз основа на јавен конкурс, оглас или лицитација се одлучува за давање одобренија, концесии, контингенти или дозволи за вршење на стопанска или друга профитна дејност.

**Забрана за примање подароци**

Член 58

(1) Службеното лице при вршењето на јавните овластувања и должности не смее да прима подароци, освен во случаите, во износ и на начин утврдени со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, односно Законот за вработените во јавниот сектор.

(2) Државните органи и другите органи и организации се должни да достават до Државната комисија копија од листата од евиденцијата за примените подароци од ставот (1) на овој член, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година.

(3) Ако Државната комисија при разгледување на листата од ставот (2) на овој член утврди отстапување од законски утврдените критериуми, за тоа го известува органот или институцијата која ја доставила листата.

(4) Доколку Државната комисија оцени дека службено лице има добиено подарок кој влијае или може да влијае врз објективното и непристрасно вршење на функциите, јавните овластувања или службени должности за тоа ги известува надлежните органи, а подароците стануваат сопственост на Република Македонија или на единицата на локалната заедница.

**Спонзорства и донации**

Член 59

(1) Избрано или именувано лице или одговорно лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал, во врска со вршењето на јавните функции, овластувања и должности, не смее да склучува договор за спонзорство во свое име.

(2) Правно или физичко лице врз кое избраното или именуваното лице или одговорното лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал врши или вршело надзор не може да биде давател на спонзорство или донација на правно лице во кое службеното лице или член на негово семејство има интерес.

(3) Правно или физичко лице врз кое избраното или именуваното лице или одговорното лице во јавно претпријатие и друго правно лице што располага со државен капитал што располага со државен капитал не смее да склучува договор за спонзорство ниту да прима донација во име на органот во кој врши јавни овластувања, кои влијаат или може да влијаат на законското, објективно и непристрасно извршување на јавните овластувања.

## Глава шеста

## СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ВРШЕЊЕТО РАБОТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС И ДРУГИ ДЕЈНОСТИ НА ПРАВНИ ЛИЦА

### Незаконити барања на претпоставен

Член 60

(1) Службеното лице од кое неговиот претпоставен или избрано или именувано лице бара во вршењето на службата да постапи спротивно на Уставот, закон или друг пропис, е должно за тоа да му укаже на оној кој ја издал наредбата.

(2) Доколку и по усното укажување, непосредно претпоставениот ја повтори наредбата од ставот (1) на овој член, службеното лице веднаш за тоа писмено ќе го извести непосредно повисокиот претпоставен од оној кој ја издал наредбата и Државната комисија. По писменото укажување, службеното лице е ослободено од обврската за незаконито вршење на службено дејствие и не може за тоа да биде повикано на одговорност, ниту да трпи последици.

(3) Службеното лице кое постапило согласно со должноста за укажување утврдена со овој член има право на заштита согласно со членот 42 од овој закон, како и согласно со одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

(4) По известувањето од ставот (2) на овој член Државната комисија презема мерки како по пријава од укажувач, во постапка и рокови утврдени со одредбите од Законот за заштита на укажувачи.

### Непријавување на казниво дело

Член 61

Службено лице е должно да го пријави секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од овој закон, за кои дознало во вршењето на својата должност.

### Забрана за вршење влијание врз друг

Член 62

(1) Службено лице не смее да ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист.

(2) Секој граѓанин има право да ја извести Државната комисија за повредата на одредбите од ставот (1) на овој член.

**Вршење дискрециони овластувања**

Член 63

(1) Во вршењето дискрециони овластувања секое службено лице е должно одлуките да ги донесува совесно, водејќи сметка за сите факти и околности на конкретниот случај и за начелото на законитост и справедливост.

(2) Физичко или правно лице што е незадоволно од одлуката донесена врз основа на дискреционо овластување и кое смета дека таа одлука е донесена поради корумпираност, може да поднесе претставка пред Државната комисија.

(3) Државната комисија е должна да ја разгледа претставката од ставот (1) на овој член и во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката да го извести физичкото, односно правното лице за постапувањето по истата.

(4) Државната комисија двапати годишно на својата веб страница објавува статистички податок за поднесени претставки од ставот (1) на овој член.

**Понуда на поткуп**

Член 64

Службено лице на кое му е понуден поткуп, е должно да преземе мерки за идентификација на понудувачот и да го пријави на надлежен орган.

**Постапка во случај на обвинение за корупција**

Член 65

Службено лице кое е правосилно осудено за коруптивно дело без одлагање го известува органот кој го избрал или именувал, односно својот претпоставен.

**Ништовност на правни акти**

Член 66

(1) Правните акти што се резултат на корупција или судир на интереси или се донесени, односно склучени заради корупција, односно во состојба на судир на интереси се ништовни.

(2) Секој кој има правен интерес може да бара поништување на правните акти од ставот (1) на овој член, со поднесување како доказ правосилна судска одлука, односно одлука на надлежен орган со која е утврдено постоењето на корупција или судир на интереси.

**Злоупотреба во вршењето работи од јавен интерес**

Член 67

(1) Лице што врши работи од јавен интерес не смее да ја злоупотреби својата положба за остварување на корист.

(2) Како работи од јавен интерес, покрај дејностите што се со закон определени како работи од јавен интерес, се сметаат и активностите што се вршат во рамките на дејствувањето на политичките партии, синдикатите, здруженијата и фондациите.

**Заштита на средствата за јавно информирање**

Член 68

(1) Се забранува каква било присилба, спречување или влијание на друг начин врз средствата за јавно информирање да објавуваат или да не објавуваат информации за случаи на корупција и судир на интереси.

(2) Новинарот има право на непречен пристап до сите извори на информации во согласност со закон. Никој не може да ја исклучи јавноста од расправата за корупција и судир на интереси пред надлежен орган или правно лице, освен кога се работи за претходна постапка што е прогласена за доверлива.

(3) Никој не може од новинарот што објавил информација за акт на корупција и за судир на интереси да бара да го открие изворот на информацијата.

**Злоупотреба на средствата за јавно информирање**

Член 69

(1) Секој којшто објавува информација за корумпираност на друг, е должен да ја почитува претпоставената невиност и принципите на вистинито, објективно и непристрасно информирање, како и други принципи на кодексот на професионалната етика.

(2) Никој не може да користи средство за јавно информирање за лажно обвинување на друг за корупција.

**Злоупотреби во финансиското работење**

Член 70

(1) Секој вработен во банка, штедилница, менувачница, осигурително друштво, берза или друга финансиска организација, е должен веднаш да пријави сомнителна трансакција во врска со корупција. Пријавата се доставува до одговорното лице во тоа правно лице и органите определени со закон, како и до Државната комисија.

(2) Организаторот на берза, е должен да води евиденција и регистар на сите трансакции извршени на берзата.

**Спречување на корупција во трговските друштва**

Член 71

(1) Одговорно лице во трговско друштво или друго правно лице не смее да ја искористи својата положба, да прими награда или каква и да е друга корист или ветување за тоа, за себе или за друг, заради:

- создавање монополска положба на пазарот,
- дискриминација на други трговски друштва или други правни лица,
- предизвикување растројство на пазарот и
- причинување штета на друго физичко или друго правно лице што не е резултат на лојална конкуренција на пазарот.

(2) Договорите и другите правни акти што се резултат на корупција на одговорното лице, како и договорите што се резултат на корупција, односно остварување противправна корист за правното лице, се ништовни.

(3) Настапувањето на последицата од ставовите (1) и (2) на овој член претставува основа за поднесување тужба од оштетеното лице за надоместок на штета (вистинска штета и изгубена добивка).

(4) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на годишната завршна сметка што ја поднесува правното лице или на другите деловни книги и финансиски документи, на барање на Државната комисија, Управата за јавни приходи ќе изврши контрола на материјално-финансиското работење.

(5) Ако постои основано сомневање во вистинитоста на податоците за материјално-финансиското работење на трговското друштво или друго правно лице, на барање на Државната комисија, надлежните органи ќе извршат контрола на материјално-финансиското работење на тоа правно лице.

(6) Ако по извршената контрола од ставот (5) на овој член се констатираат неправилности, Управата за јавни приходи против одговорното лице во трговското друштво и другото правно лице, односно членовите на органот на управување во правното лице, ќе покрене постапка за испитување на имотната состојба.

## Глава седма

## СПРЕЧУВАЊЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

### Постапување во случај на постоење судир на интереси

Член 72

(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.

(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

(3) Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

### Пријавување на состојба на судир на интереси

Член 73

(1) Ако службено лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

(2) Органот или телото на чија седница лицето од ставот (1) на овој член го соопштил постоењето на приватен интерес, е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

(3) Прикривањето на постоење приватен интерес од страна на службеното лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно со овој закон.

Член 74

(1) Службеното лице кое учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

(2) По утврдувањето на односот на службеното лице со кандидатот за избор, именување или вработување, раководното лице од ставот (1) на овој член, е должно да ги преземе сите неопходни мерки за спречување на појавата на судир на интереси.

(3) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси во случаите од ставот (1) на овој член, службеното лице и раководното лице од ставот (1) на овој член можат да побараат мислење од Државната комисија.

ИЗЗЕМАЊЕ

Член 75

(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.

(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.

**Постапка пред Државната комисија за утврдување судир на интереси**

Член 76

(1) Во случај кога постои сомневање за постоење на судир на интереси, Државната комисија поведува постапка за утврдување постоење судир на интереси.

(2) Постапката од ставот (1) на овој член се поведува:

-по службена должност,

-по барање на службено лице,

-по пријава на друго лице,

-по барање на раководното лице во органот, односно институцијата каде службеното лице врши функции, јавни овластувања или службени должности и

-по анонимна пријава.

(3) Во постапката од ставот (1) на овој член, заради утврдување на фактичката состојба во случајот, Државната комисија прибира документи, податоци и информации од физички и правни лица, како и од службеното лице.

(4) Субјектите од ставот (3) на овој член, се должни да ги достават документите, податоците и информациите со кои располагаат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од Државната комисија.

(5) Ако субјектите од ставот (3) на овој член не се произнесат во рокот утврден со ставот (4) на овој член, Државната комисија ги проверува наводите за постоење на судир на интереси по службена должност.

(6) Државната комисија е должна да донесе одлука за постоење или непостоење на судир на интереси во рок од 30 дена по произнесувањето на субјектите од ставот (3) на овој член, односно по проверката на наводите.

Член 77

(1) Ако Државната комисија констатира постоење на судир на интереси, е должна за тоа да го извести службеното лице и да побара од него во рок од 15 дена од доставување на одлуката да го отстрани судирот на интереси.

(2) Ако службеното лице постапи по барањето од ставот (1) на овој член, Државната комисија ја запира постапката и за тоа ги известува службеното лице и подносителот на пријавата.

(3) Ако службеното лице не постапи по барањето од ставот (1) на овој член и за тоа не ја извести Државната комисија во утврдениот рок, Државната комисија без одлагање за тоа го известува надлежниот орган:

- со барање да се поведе дисциплинска постапка, доколку службеното лице не е избрано или именувано лице или
- со иницијатива за разрешување/престанок на вршењето на јавните овластувања или должности, доколку службеното лице е именувано или назначено лице или
- при што изрекува мерка јавна опомена согласно со членот 79 од овој закон, доколку службеното лице е лице избрано на непосредни избори.

Член 78

Органот до кој е доставена иницијативата за покренување дисциплинска постапка, односно постапка за разрешување, е должен по истата да донесе одлука најдоцна во рок од 60 дена од денот на доставување на иницијативата.

Член 79

(1) Ако службеното лице кое е избрано на непосредни избори не постапи согласно барањето од членот 77 став (1) од овој закон, Државната комисија донесува одлука за изрекување мерка јавна опомена, којашто му ја доставува на службеното лице, а поведува и прекршочна постапка.

(2) Јавната опомена од ставот (1) на овој член се објавува на веб страницата на Државната комисија и во средствата за јавно информирање.

**Обврска за известување на јавноста за случаите на судир на интереси**

Член 80

(1) Државната комисија ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала, во согласност со закон.

(2) Државната комисија е должна податоците до кои дошла при водење на постапката за утврдување постоење судир на интереси да ги штити од злоупотреби за дискриминирање или омаловажување на службеното лице.

Член 81

Податоците за службеното лице до кои Државната комисија дошла во вршењето на работите од своја надлежност можат да им се даваат на увид на судовите, инспекциските органи и другите надлежни државни органи, со тоа што податоците не смее да се злоупотребуваат за дискриминирање или омаловажување на службеното лице или јавно да се објавуваат како да се податоци што ги утврдил судот или друг надлежен орган.

## Глава осма

## ПРИЈАВУВАЊЕ НА ИМОТНА СОСТОЈБА И ИНТЕРЕСИ

Член 82

(1) Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во

кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, при изборот, именувањето назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.

(2) Изјавата од ставот (1) на овој член содржи:

- детален попис на недвижен имот, подвижни предмети со вредност што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период, хартии од вредност, побарувања и долгови, како и друг имот што е во негова сопственост, или сопственост на членовите на неговото семејство, со наведување на основот на стекнување на пријавениот имот,

- изјава за интереси за него и за членовите на неговото семејство, која содржи информација за работни места и членство во управни одбори, членство во здруженија и фондации и други податоци кои се потребни согласно со пропишаниот образец.

(3) Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси и во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата односно вработувањето.

(4) Лицето од ставот (1) на овој член изјавата за имотна состојба и интереси ја доставува до Државната комисија.

(5) Лицето од ставот (1) на овој член изјавата за имотна состојба и интереси ја поднесува во електронска форма, при што доставува и печатена копија до Државната комисија.

Член 83

Врз основа на проценка на ризик од корупција, со закон кој регулира вршење на дејност од областа на одбраната, внатрешните работи или финансиите, може да се пропише обврска за поднесување на изјава за имотна состојба и интереси од страна на лица со посебни овластувања.

Член 84

Државната комисија може да побара од службено лице кое согласно со овој закон нема обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси, да достави изјава, како и да спроведе постапка за испитување на неговата имотна состојба, кога постапува по предмет во кој е вклучено тоа лице.

**Пријавување на промени во имотната состојба и интереси**

Член 85

(1) Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, нотар, извршител или административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република

Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, е должно во рок од 30 дена да го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, во вредност што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период, како и промена на интереси (во натамошниот текст: пријавувањето промени во имотната состојба и интереси).

(2) Обврската од ставот (1) на овој член се однесува и на лицата од членот 83 од овој закон.

(3) Кон пријавата од ставот (1) на овој член се приложува и договор или друг документ што е основа за промената.

(4) Лицата од ставот (1) на овој член, пријавувањето промени во имотната состојба и интереси го вршат со електронско поднесување на образец за промени на имотна состојба и интереси до Државната комисија. Печатена копија од електронски поднесениот образец се поднесува до Државната комисија.

(5) Лицата од ставот (2) на овој член, пријавување промени во имотната состојба и интереси го вршат со поднесување образец за имотна состојба и интереси во печатена форма до органите во кои се вработени.

Член 86

Формата и содржината на образецот на изјавата за имотна состојба и интереси и на образецот за пријавување промена во имотната состојба и интереси ги пропишува Државната комисија.

**Јавност на изјавата за имотната состојба и интереси**

Член 87

(1) Податоците од изјавата за имотна состојба и интереси и пријавата за промена во имотната состојба и интереси претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.

(2) Податоците од изјавата за имотна состојба и интереси и пријавите за промена во имотната состојба и интереси, поднесени до Државната комисија, освен податоците заштитени со закон, се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

**Заштита на личните податоци**

Член 88

(1) Личните податоци кои се собираат во примената на одредбите од овој закон, се обработуваат и чуваат правично и соодветно за конкретни и јасни цели утврдени во одредбите од овој закон.

(2) Личните податоци од ставот (1) на овој член се чуваат во форма што овозможува идентификација на субјектот на лични податоци.

(3) Личните податоци од ставот (1) на овој член се чуваат не подолго од што е потребно да се исполнат целите поради кои податоците се собрани за натамошна обработка согласно со одредбите од овој закон.

(4) По барање на субјектот на лични податоци, Државната комисија е должна да ги дополни, измени, избрише или да го сопре користењето на личните податоци, ако податоците се нецелосни, неточни или неажурирани и доколку нивната обработка не е во согласност со закон.

(5) Во содржината на барањето од ставот (4) на овој член субјектот на лични податоци наведува за кои податоци се бара дополнување, изменување, бришење или сопирање на користењето на лични податоци и доколку се бара дополнување или изменување, се наведуваат и податоците со кои треба да се изврши дополнувањето или изменувањето.

(6) Во случај кога ќе се утврди дека личните податоци се нецелосни, неточни или неажурирани, Државната комисија презема мерки истите да се дополнат, изменат или избришат, независно од тоа дали субјектот на лични податоци има поднесено барање за дополнување или изменување на личните податоци.

(7) За извршеното дополнување, изменување или бришење на личните податоци, согласно со ставот (4) на овој член, Државната комисија најдоцна во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето писмено го известува субјектот на лични податоци, корисниците на личните податоци или третите лица на кои им се откриени личните податоци согласно со закон.

**Регистар**

Член 89

(1) Државната комисија води регистар на избрани и именувани лица, одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи или други правни лица кои располагаат со државен капитал, нотари, извршители и административни службеници од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието на Република Македонија, потпретседателите на Собранието на Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник, кои се должни да поднесат изјава за имотна состојба и интереси (во натамошниот текст: Регистарот).

(2) Регистарот претставува единствена база.

Член 90

(1) Податоците што се внесуваат во Регистарот претставуваат информации од јавен карактер, освен податоците заштитени со закон.

(2) Податоците од Регистарот кои не се заштитени со закон се објавуваат на веб страницата на Државната комисија.

Член 91

(1) Раководните лица во институциите и органите кои вршат избори и именувања или од нив овластени лица, се должни податоците за лицата од членот 82 став (1) од овој закон со пополнување на образец да ги достават до Државната комисија без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на верификацијата на мандатот, изборот и именувањето, односно назначувањето, како и по престанокот на функцијата, односно должноста на избраното, именуваното или назначеното лице.

(2) Државната комисија е должна податоците за лицата од членот 82 став (1) на овој закон да ги внесе во Регистарот во рок од 15 дена од денот на нивниот прием.

(3) Евидентираните податоци за лицата од членот 82 став (1) од овој закон и документацијата приклучена кон нив се чуваат согласно со закон.

(4) Податоците од ставот (3) на овој член внесени во Регистарот во електронска форма, а кои се објавени се повлекуваат од веб страницата на Државната комисија по истекот на рокот од десет години по престанокот на вршењето на функцијата на лицето на кое се однесуваат податоците.

(5) Формата и содржината на образецот од ставот (1) на овој член, како и содржината, формата и начинот на водење на Регистарот ги пропишува Државната комисија.

**Постапка за проверка на податоци за имотна состојба и интереси**

Член 92

(1) Државната комисија врши проверка на вистинитоста на податоците внесени во изјавата за имотната состојба и интересите во случај кога постапува по конкретен предмет или врз основа на годишниот план од членот 19 став (1) од овој закон.

(2) Државната комисија ја врши проверката од ставот (1) на овој член, со собирање, споредување и анализа на податоци добиени од правни и физички лица кои располагаат со потребните податоци.

**Испитување на имотната состојба**

Член 93

(1) Ако постои основано сомневање дека имотот на лицето кое согласно со овој закон е должно да поднесе изјава за имотна состојба и интереси е несразмерно зголемен во споредба со неговите редовни примања или примањата на членовите на неговото семејство, Државната комисија поведува постапка за испитување на имотната состојба.

(2) При испитување на имотната состојба од ставот (1) на овој член, Државната комисија го повикува лицето за кое се води постапката да достави податоци за основот за стекнување на имотот. Лицето е должно на барање на Државната комисија да одговори во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 94

(1) Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, носителите на платниот промет и други физички и правни лица, на барање на Државната комисија и во рок кој таа ќе го определи, се должни да ги дадат сите информации потребни за утврдување на фактичката состојба кои се битни за проверка на податоците и испитување на имотот и имотната состојба.

(2) Доколку субјектите од ставот (1) на овој член не постапат по барањето на Државната комисија во рокот утврден со членот 23 став (3) од овој закон, тие се должни за причините за непостапување да ја известат без одложување Државната комисија.

(3) За случаите од ставот (2) на овој член, Државната комисија го известува органот кој врши надзор над работата на субјектите од ставот (1) на овој член, а може да поднесе и посебен извештај до Собранието на Република Македонија или да ја извести јавноста.

Член 95

(1) Ако во постапката за испитување на имотот и имотната состојба не се докаже дека имотот е стекнат или зголемен како резултат на примања што се пријавени и оданочени, Државната комисија против лицето за кое ја водело таа постапка поднесува иницијатива за покренување кривична постапка до надлежното јавно обвинителство.

(2) За преземените дејствија од ставот (1) на овој член, Државната комисија го известува органот којшто го именувал, избрал или во којшто лицето е вработено, односно каде што ја врши функцијата.

Член 96

Доколку постојат докази дека член на семејството или блиско лице на службеното лице, се стекнал со значителен имот за време на вршење на јавните овластувања, односно должности на службеното лице, кој ги надминува неговите редовни примања, а постои основано сомневање дека службеното лице со намера да го прикрие потеклото на имотот префлил имот на тој член на семејството, односно блиско лице, Државната комисија ќе иницира покренување на постапка за испитување на основот на стекнување на имотот на тој член, односно блиско лице.

**Процедури за пријавување на прекршувања на законот**

Член 97

(1) Државната комисија е должна да воспостави ефикасни процедури за пријавување на прекршување на овој закон кој ќе обезбеди:

- едноставен и лесно достапен метод на поднесување на известувања за сторен прекршок,
- внатрешни процедури за прием и обработка на известувањата за сторен прекршок и
- заштита на личните податоци на лицето кое доставило известување за сторен прекршок согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(2) Државната комисија не смее да го открие идентитетот на лицето кое доставило известување за сторен прекршок без да обезбедат негова претходна согласност.

(3) Државната комисија постапува и по анонимни претставки.

**Информации за изречени глоби**

Член 98

(1) За целите на спречување и одвраќање од извршување на активности кои се сметаат за прекршоци согласно со овој закон, Државната комисија е должна јавно да ги објави информациите за извршените контроли, за спроведените постапки и глобите изречени за сторените прекршоци согласно со овој закон.

(2) Информациите од ставот (1) на овој член содржат податоци за:

- сторителот на прекршокот,
- прекршокот: опис на дејствието кое претставува прекршок и
- изречената глоба.

(3) Информациите од ставот (1) на овој член веднаш по завршување на постапката се објавуваат на веб страницата на Државната комисија и истите треба да бидат достапни во рок од две години од денот на објавувањето.

Член 99

Надзор над примената на одредбите од овој закон врши Државната комисија.

## Глава деветта

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 100

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во надлежната институција или на од него овластено лице кое нема да ги преземе сите мерки и активности за доставување на бараните информации од стана на Државната комисија и истите нема да ги достави до Комисијата најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на барањето (член 23).

Член 101

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе и се изрече на финансиската институција која во рок од 15 дена до Државната комисија нема да ги достави бараните податоци согласно со членот 25 од овој закон или согласно со членот 94 од овој закон.

(2) На одговорното лице или на од него овластено лице во финансиската институција од ставот (1) на овој член ќе му се изрече глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Член 102

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лицето кое од Државната комисија е задолжено за експертиза доколку ги открие, објави или ги споделува со трети лица податоците или информациите кои ги добило или со кои се запознало во рамки или во врска со извршувањето на својата работа (член 28 став 1).

Член 103

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководно лице на надлежниот орган или на од него овластено лице, кое:

- по известувањето на Државната комисија за утврдената повреда од членот 24 став (1) од овој закон, писмено нема да ја извести Државната комисија за преземените мерки во рок од 60 дена од денот на добивање на известувањето, освен ако е поинаку уредено со овој закон,
- во рок од 60 дена нема да ја извести Државната комисија за донесените одлуки по однос на покренатите иницијативи од членот 17, алинеи 4, 5 и 8 од овој закон и нема да даде информација за текот на постапувањето по иницијативите кои ги покренала.

Член 104

Глоба во износ определен во Изборниот законик и во Законот за финансирање на политички партии ќе и се изрече на политичката партија, односно организатор на изборна кампања кои во рок утврден со закон нема да ги достават извештаите кои ги доставуваат до Државната комисија согласно со Законот за финансирање на политичките партии и Изборниот законик и согласно со членовите 31 и 32 од овој закон.

Член 105

(1) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:

- спротивно на членот 44 врши некоја друга функција, должност или дејност што е неспојлива со неговата функција,

- пред стапувањето на вршењето на јавни овластувања како сопственик управувал со трговско друштво или установа, за време на вршењето на јавните овластувања или должности, не му го доверил управувањето на друго лице согласно со членот 45 од овој закон,

- се вработи во трговското друштво во кое вршел надзор или имал воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности,

- се стекне по кој било основ со акции, односно удели во правното лице во кое работел, односно вршел надзор,

- во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето врши застапување како претставник на меѓународна или друга организација која со органот во кој претходно работел, имаат или воспоставуваат договорен, односно деловен однос,

- во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето застапува правно или физичко лице пред органот во кој вршел јавни овластувања во предмети за кои како службено лице учествувал во донесување на одлуки,

- во рок од две години по престанување на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето врши работи на управување или ревизија во правното лице во кое најмалку една година пред престанокот на вршењето на јавни овластувања, неговата работа била поврзана со супервизорска или надзорна функција,

- во рок од три години од денот на престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности ќе основа трговско друштво или ќе започне да се занимава со дејност со која се остварува профит во областа во која работел како службено лице, а за тоа не ја известил Државната комисија во рок од 30 дена,

- користи информациите со кои располага за остварување корист за себе или за друг во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е поинаку определено, како и доколку држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие, или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна,

- воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство, или во кое одговорното лице е член на неговото семејство,

- правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице, односно одговорно лице поседува удели или акции е корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа,

- веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на изборот, именувањето, вработувањето или од стапувањето на должност, на Државната комисија не и го пријави секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство,

- во текот на траењето на мандатот, односно должноста и во рок од три години по нејзиниот престанок се стекне по која и да е основа и во кој и да е облик акционерски права во правно лице врз кое тој или органот во кој работи или работел врши, односно вршел надзор, освен ако тие права ги стекне по пат на наследување, односно доколку не е ги пријави на Државната комисија во рок од 30 дена по нивното стекнување,

- не ја извести Државната комисија за секој избор, именување или вработување унапредување на член на неговото семејство во државен орган, орган на локалната самоуправа, јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал, во рок од десет дена по извршениот избор, именување, унапредување или вработување,

- спротивно на одредбите на законот му е понуден подарок или друга корист поврзана со извршувањето на службената должност, не ја одбие таквата понуда,

- ја користи својата положба вршејќи влијание врз друго лице во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице, за тоа да донесе или не донесе определена одлука, да стори нешто, да пропушти или да трпи, заради остварување корист, погодност или предност за себе или друг.

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правното лице кое спротивно на членот 52 став (1) од овој закон ќе се појави како корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

(3) Глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице од ставот (2) на овој член.

Член 106

Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лице кое со службеното лице е блиско лице, за кое оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното лице, доколку изврши супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

Член 107

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службеното лице во јавно претпријатие или друго правно лице што располага со државен капитал доколку:

- учествува или одлучува во постапката за избор, именување или вработување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка, а нема да го извести раководителот на институцијата каде што врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси,

- дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси и за тоа не побара да биде изземено од понатамошно постапување и одлучување,

- во рок од 15 дена од приемот на одлуката не преземе дејствија за отстранување на судирот на интереси и за тоа не ја извести Државната комисија,

- во постапката на проверка Државната комисија утврди дека имотот и приходите на службеното лице и лицата поврзани со него не се совпаѓаат со податоците од извршената проверка, а службеното лице на барање на Државната комисија, во рок од 15 дена, не достави детални податоци за основот за стекнување на имотот, согласно со членот 93 од овој закон.

Член 108

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководно лице на субјектот или на од него овластено лице од членот 76 став (4) од овој закон доколку не ги достават документите, податоците и информациите со кои располагаат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето од Државната комисија.

Член 109

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, нотар, извршител, административен службеник од категоријата А утврдена со закон или лице вработено во кабинетите на претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието Република Македонија, потпретседателите на Собранието Република Македонија, претседателот на Владата на Република Македонија, замениците на претседателот на Владата на Република Македонија, министрите и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, заради извршување на работни задачи на посебен советник доколку:

- при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот или именувањето, не поднесе до Државната комисија анкетен лист, односно изјава за имотна состојба и интереси согласно со членот 82 од овој закон,
- не пополни анкетен лист, односно изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена по престанувањето на функцијата, односно вработувањето.
- во рок од 30 дена не го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, согласно со членот 85 од овој закон.

Член 110

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на административен, судски и јавнообвинителски службеник од членот 83 од овој закон доколку:

- во рок од 30 дена од денот на вработувањето не пополни и не достави до органот во кој е вработено анкетен лист, односно изјава за имотна состојба и интереси за него и за членовите од неговото семејство согласно со членот 83 од овој закон,
- не пополни и не достави анкетен лист, односно изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена по престанувањето на вработувањето во органите од членот 83 став (1) од овој закон.
- не пријави промени во имотната состојба со поднесување пријава до органот во кој е вработен.

Член 111

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице кое по барање на Државната комисија, кога постапува по предмет во кој е вклучено тоа лице, нема да поднесе анкетен лист за имотна состојба и изјава за интереси.

Член 112

Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководно лице на институција, односно орган кој врши избори и именувања или на од него овластено лице кое до Државната комисија без одлагање, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на верификацијата на мандатот, изборот и именувањето, како и по престанокот на функцијата, односно должноста на избраното и именуваното лице нема да ги достави пополнет образец со податоците за лицата од членот 82 став (1) од овој закон (член 91).

Член 113

Глоба во износ од 200 до 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на раководно лице на субјектот или на од него овластено лице од членот 94 ставови (1) и (2) од овој закон кое нема да ги дадат сите информации потребни за утврдување на фактичката состојба кои се битни за испитување на имотот и имотната состојба и интересите или доколку не ја известат Државната комисија за причините за непостапување.

Член 114

(1) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува Прекршочната комисија во Државната комисија.

(2) Членови на Прекршочната комисија од ставот (1) на овој член се овластени службени лица во Секретаријатот со соодветен степен и вид на стручна подготовка и потребно работно искуство определени со закон, од кои најмалку еден од членовите е дипломиран правник со положен правосуден испит.

(3) Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка се води постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(4) Овластените службени лица од ставот (2) на овој член се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на поведените постапки.

(5) Во евиденцијата од ставот (4) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог и исходот од постапката.

(6) Личните податоци од ставот (5) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(7) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува Државната комисија.

Член 115

Одмерувањето на глобата се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 116

Остварувањето на правото на правен лек по изречена глоба и постапката по него се врши согласно со Законот за прекршоци.

## Глава десетта

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Именување на членови на Државната комисија

Член 117

(1) Претседателот на Собранието на Република Македонија објавува оглас за именување претседател и членови на Државната комисија најдоцна во рок од три дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Во постапката за именување на претседател и членови на Државната комисија од ставот (1) на овој член, роковите кои се предвидени во членот 12 од овој закон се скратуваат согласно со роковник кој го донесува преседателот на Собранието.

(3) Претседателот на Собранието роковникот за спроведување на постапката за именување на претседател и членови на Државната комисија го објавува заедно со огласот од ставот (1) на овој член.

Член 118

(1) Со именувањето на претседателот и на членовите на Државната комисија согласно одредбите на овој закон, престанува мандатот на членовите на Државната комисија именувани пред стапување во сила на овој закон.

(2) Во ограничувањата на бројот на мандати за претседателот и членовите на Државната комисија се засметуваат и мандатите кои едно лице ги вршело во составите на Државната комисија избрани согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15), без оглед на траењето на мандатот.

**Донесување на потребните акти**

Член 119

(1) Подзаконските акти предвидени со овој закон, Државната комисија ќе ги донесе во рок од шест месеци од именувањето на претседателот и членовите на Државната комисија спроведено во постапка согласно со одредбите на овој закон.

(2) До донесување на подзаконските акти утврдени со овој закон, ќе се применуваат постојните подзаконски акти донесени согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15).

(3) До влегувањето во сила на подзаконските акти од ставот (1) на овој член пријавувањето и проверката на имотната состојба и интересите, ќе продолжи во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15) и подзаконските акти кои произлегуваат од нив.

(4) Анкетните листови, изјавите за интереси и пријавите за промени во имотната состојба поднесени до денот на влегувањето во сила на подзаконските акти од ставот (1) на овој член, се сметаат за поднесени изјави за имотна состојба и интереси, односно пријави за промени во имотната состојба согласно со овој закон.

(5) Државната комисија во рок од 60 дена од нејзиното конституирање ќе пропише образец за изјава за имотна состојба и интереси.

(6) Лицата кои немале обврска да поднесуваат анкетни листови и изјави на интереси, согласно со Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15), се должни да поднесат изјава за имотна состојба и интереси во рок од 30 дена од денот на пропишување на образецот од ставот (5) на овој член.

(7) Државната комисија има право да донесе одлука за објавување повик до лицата кои поднеле анкетни листови и изјави на интереси, согласно со Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15) да достават изјави на образецот од ставот (5) на овој член во рок од 30 дена од денот на објавување на повикот.

Член 120

(1) Во рок од еден месец од денот на именувањето на претседателот и на членовите на Државната комисија согласно со одредбите на овој закон, Државната комисија организира преземање на анкетните листови, изјавите за интереси и пријавите за промени во имотната состојба кои административни службеници од категоријата А утврдена со закон ги поднеле до институциите, односно органите во кои се назначени. Преземањето го спроведува комисија формирана од Државната комисија.

(2) Институциите односно органите во кои се назначени административни службеници од категоријата А утврдена со закон се должни да постапат по барањата коишто Државната комисија им ги упатува заради спроведувањето на преземањето од ставот (1) на овој член.

Член 121

Со влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/10, 97/15 и 148/15) и Законот за спречување на судир на интереси („Службен весник на Република Македонија” број 70/2007, 114/2009, 6/12 и 153/15).

**Влегување во сила на законот**

Член 122

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.